Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 26.09.2019

На 26.09.2019 во 00.20 часот полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Венјамин Манчуковски“ го привеле К.Р.(47) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.09.2019 во 21.45 часот полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Козле“ го привеле Н.Р.(34) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.09.2019 во 02.00 часот полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Благоја Стефковски" го лишиле од слобода А.А.(30) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.09.2019 во 01.45 часот полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба ги привеле А.Б.(27) и М.П.(27), двајцата од Скопје, затоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.09.2019 во 18.40 часот полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Венјамин Манчуковски" го лишиле од слобода Ф.И.(26) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.09.2019 околу 10.50 часот на патот Куманово - Скопје, на влез во с.Љубодраг, патничко возило „фолксваген пасат" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.И.(22) од с.Арачиново, скопско, излетало од коловозот. Б.И. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза'' за укажуавање на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово.

Во текот на 25.09.2019 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека **58** возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени **13** возачи, од кои: **12** возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и **еден** возач – почетник, кој не ги почитувал сообраќајните прописи согласно ЗБСП. Исто така, од сообраќај се исклучени и **12** возила, од кои едно возило поради техничка неисправност и **11** возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се **двајца** возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, **четири** возачи на мотоцикли поради неносење заштитен шлем, **16** возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и **12** возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатиот ден издадени се **87** мандатни платни налози и **66** возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 25.09.2019 во 13.00 часот на патот од с.Трпејца до с.Стење, охридско, велосипедистката В.У.Е.(48) од Република Полска изгубила контрола и паднала на коловозот. Таа се здобила со тешки телесни повреди и била пренесена во болницата „Св.Еразмо" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Охрид.

Полициски службеници од СВР Битола на 25.09.2019 извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила,

непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека **10** возачи управувале возило без возачка дозвола, **три** возила биле нерегистрирани, брзината ја надминале **23** возачи, **четири**возачи зборувале на мобилен телефон додека управувале возило. За сите неправилности издадени се соодветни казни.

На 25.09.2019 во 10.45 часот, во круг на индустриска зона во Струмица товарно возило „мерцедес спринтер" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Р.А.(40) од Прилеп, удрило во пешакот Н.Д. (69) од Струмица. Од здобиените повреди Н.Д. починал на местото на настанот. Увид извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Струмица.

На 25.09.2019 во 10.10 часот во Полициската станица Центар, Т.К.(44) од Кичево, пријавила дека на ул.„Цицо Поповиќ" била касната од куче скитник на десната нога.

На 25.09.2019 околу 23.35 часот на регионалниот пат во тетовското село Камењане, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Р.Ч.(37) и Ј.С.(31), двајцата од с.Чегране, гостиварско. При нивен и преглед на патничко возило „опел астра", со гостиварски регистарски ознаки, што го управувал Р.Ч., а во кое се наоѓал и Ј.С., полициски службеници пронашле и одзеле кокаин. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.09.2019 во 00.20 часот, полициски службеници од СВР Куманово во двор од куќа на ул.„Народна револуција" во Куманово ги лишиле од слобода А.А.(23) и В.А.(24), двајцата од Куманово. Тие биле затекнати додека извршувале тешка кражба во куќата, а покрај нив биле пронајдени одземените предмети од куќата, кои им биле одземени, заедно со возилото „рено лагуна" кое го управувале. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против З.А.(48) од струшкото село Заграчани поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори" и „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 04.07.2019 полициски службеници извршиле претрес во неговиот дом, при што пронашле марихуана, стебла од растението Cannabis и 18 патрони за ловна пушка кои нелегално ги поседувал.

Полициски службеници на тетовската Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај, во рамките на засилените сообраќајно-контролни активности на 25.09.2019, откриле и законски санкционирале вкупно **86** прекршоци. Најголемиот број од нив (**53**) биле пречекорувања на дозволената брзина и неправилно паркирање (**24**), а откриени се, исто така, и **осум** лица кои ги управувале возилата без положен возачки испит,

како и други прекршоци. Против сите прекршители изготвени се соодветни санкции.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Т.С.(44) од Куманово поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „разбојништво". Пријавениот, на 29.07.2019 во куќата на Р.И. во с.Јачинце, кумановско, со закана му одзел мобилен телефон и други предмети.

На 25.09.2019 во 19.00 часот во СВР Скопје, 34-годишна жена од Скопје пријавила дека на 02.09.2019 околу 22.00 часот во нејзиниот дом, по претходна расправија, била физички нападната од нејзиниот 42-годишен сопруг од Скопје. Според пријавеното, таа подолг период била физички и психички малтретирана од сопругот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.09.2019 во 23.45 часот во Полициска станица Карпош бил приведен Д.А.(23) од Скопје, бидејќи во 21.20 часот на ул.„Јуриј Гагарин" физички нападнал полициски службеници кои вршеле службени дејствија. За настанот бил известен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против Д.А. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.09.2019 во 14.40 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека во с.Лажани, прилепско, М.А., додека го чистел пиштолот кој го поседувал со дозола, испукал еден куршум и се повредил на левата рака. Тој бил пренесен во болницата во Прилеп за укажување на лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Прилеп.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против Д.Б.(18) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,предизвикување општа опасност". На 17.07.2019 на ул.„Браќа Миладиновци" во Прилеп, по претходна расправија, пријавениот со пиштол пукал кон Т.М., при што не му нанел повреди.

На 25.09.2019 околу 11.30 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека пред угостителски објект на ул.„Мајор Чеде Филипоски" во Гостивар, Ш.Џ. од село Добридол физички го нападнал М.Х.(41) од село Добридол, при што му нанел повреди. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против В.К.(19) од Делчево и И.Б.(21) од с.Звегор, делчевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 02.07.2018 полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во с.Габрово, делчевско, во кој престојувал и вторoпријавениот, каде пронашле и одзеле марихуана.

На 25.09.2019 во 13.35 часот во Полициската станица Кисела Вода, Н.А. (39) од Скопје пријавил дека на локалниот пат од село Сопиште кон село Чифлик,

Б.А.(41) од село Чифлик и Е.А.(19) од Охрид физички го нападнале и му упатиле закани со пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Ф.Т.(58) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во текот на 2019 во Струга на ул.„Прва македонска ударна бригада", пријавениот како сопственик и инвеститор, изградил објект за домување, без одобрение за градба.

На 25.09.2019 во СВР Тетово, И.А.(42) од Тетово пријавил дека околу 13.00 часот во училишен двор во Тетово, М.С.(41) од Тетово физички ја нападнал и повредил неговата малолетна ќерка, која претходно имала недоразбирања со неговата ќерка. М.С. бил повикан во Полициската станица Тетово и во координација со Јавен обвинител се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Р.Б.(36) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 15.11.2018 на ул.„Светозар Пепоски" во Гостивар полициски службеници извршиле преглед на пријавениот и неговото патничко возило, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 25.09.2019 во 18.20 часот во СВР Скопје, С.Ф.(39) од с.Кондово, скопско, пријавил дека на 24.09.2019 околу 18.00 часот во с.Кондово, по претходна расправија, неговиот малолетен син бил физички нападнат од С.Ф.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против М.М.(42) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,злоупотреба на службена положба и овластување". На 20.12.2012 пријавениот, како управител на техничка служба ЦВО Охрид, издал согласност за регистрација на возило и покрај тоа што во прилог на барањето за регистрација не била доставена законски предвидената документација.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против С.Д.(66) од с.Долно Лакочереј, охридско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во текот на 2019 во с.Долно Лакочереј, пријавената како сопственик и инвеститор, изградила објект за домување без одобрение за градба.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)